КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

www.caft.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Mail: contact@caft.org.mk
Facebook: all.for.fair.trials
Twitter: @All4FairTrialsM

# ЈАВНИ ИЗВОРИ ЗА НЕЗАВИСНА ПРОВЕРКА НА НАОДИТЕ

Коалиција на здруженија на граѓани
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
ул. Македонија бр.11/2-10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

| Наод од извештајот | Седница | Датум | Временска ознака | Точен транскрипт | Линк/документ | Релевантност на доказот за наодот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нецелосно реферирање | 550-та седница | 15.07.2026 | 30:40–30:48 | „Садула, точно е дека застарело после повторување на постапката, меѓутоа претставката се однесува на сосема нешто друго.“ | https://www.youtube.com/watch?v=bvV714f-BMc | Укажува дека член на Советот констатирал несовпаѓање меѓу предметот на претставката и начинот на кој таа била првично реферирана. |
| Сомнеж во резултатот од електронското гласање | 550-та седница | 15.07.2026 | 00:05–00:34 | „Почитувани, согласно член 13, став 2 од Деловникот, предлагам за претходното гласање за претставката на судијата Садула, со оглед на тоа дека не работи дисплејот и се сомневам во резултатите на гласањето преку електронското гласање, да прегласаме за истото со кревање не рака.“ | https://www.youtube.com/watch?v=P1I9gqcUB8w&t=239s | Непосредно потврдува дека членката изразила сомнеж во резултатот од електронското гласање и, повикувајќи се на член 13 став 2 од Деловникот, предложила повторување на гласањето со кревање рака. |
| Несоодветна комуникација | 550-та седница | 15.07.2026 | 01:40–01:54 | „Колешке Ценета никој збор не Ви даде! Не сме на пазар, седница на Судски совет е ова. Почитувајте го редот сите и прекинете да се јавувате без збор да барате!“ | https://www.youtube.com/watch?v=P1I9gqcUB8w&t=239s | Документира употреба на омаловажувачка и конфронтирачка формулација при прекинување на членка која укажувала на сè уште неразрешено процедурално прашање. |
| Несоодветна комуникација | 550-та седница | 15.07.2026 | 42:45–43:13 | „А што ви е битно кој како гласал? Шест се против предлогот, четири се за. Што ви е проблемот? Кој како гласал?“ (по ова настанува групна дискусија од која не може да се чуе разговорот) | https://www.youtube.com/watch?v=bvV714f-BMc | Документира потценувачки однос кон барањето за поединечна проверливост на гласовите, наместо негово разрешување согласно предвидената процедура. |
| Несоодветна комуникација | 548-та седница | 08.07.2026 | 21:20–22:01 | „Како ќе гласате денес? Не, не, сакам да ми објаснат како ќе гласаат денес, пошто немаме податоци. Еве јавно ве повикувам и Антоанета и Сузана да ми објасните како ќе гласате денеска. Значи се тврди дека не е во ред предлогот, дека нема доволно информации, меѓутоа ние ќе го гласаме. Ве молам објаснете ми како денес ќе гласате на нецелосна документација, а од утре ќе гласате на целосна. Еве објаснете ми и Антоанета и Сузана.“ | https://www.youtube.com/watch?v=rK3axtZWKi8&t=5s | Документира директно и персонализирано прозивање на членови поради нивниот различен став, со што расправата се пренасочува од аргументите кон самите членови. |
| Несоодветна комуникација | 547-та седница | 07.07.2026 | 52:00–53:31 | „(упаѓајќи во збор) Во ред, во ред, значи имаме два предлози...“ „Не, ајде да гласаме, кој е за? Ве молам гласајте. Епа сега, „не, не, не“, затоа велам гласајте прво за предлогот на Ивица. Не повлекувај, гласајте, луѓе ве молам гласајте.“ | https://www.youtube.com/watch?v=OeKDtlkLVXM | Документира прекинување на тековната дискусија и настојување веднаш да се пристапи кон гласање, без претходно целосно разјаснување на изнесените предлози. |
| Несоодветна комуникација | 549-та седница | 14.07.2026 | 1:04:01–1:05:53 | „Луѓе зборуваме за судии со завршен правен факултет, завршен правосуден. Како не е јасно? Ѝ поминало време да приговара за тие поени. Сега е рангирање. За што правите муабет, за нешто што било пред пет месеци? Не може да се жалиш на нешто што било завршено. Правосилни се бодувањата? Правосилни се! Така? Можеш сега во оваа фаза бодирањето да го обжалиш? А што обжалува? Тоа го обжалува: „зошто не ми дадовте исто поени“. Не може никои поени да ги обжалува, поминала таа фаза кога можела да обжалува. Океј, јас не знам што не ви е јасно.“ | https://www.youtube.com/watch?v=TDysvVwpRqo | Документира нетрпелив и омаловажувачки однос кон различно правно толкување, преку формулации што можат да го обесхрабрат натамошното образлагање на спротивниот став. |
| Заклучок од работен состанок | 538-та седница | 11.03.2026 | / | Членот на Советот-Данка Ристова како претседател на Комисијата најнапред наведе дека со Одлука на Судскиот совет формирана е Комисија за навременост на доставени пријави и исполнетост на условите по огласот за пријавување на заинтересирани кандидати за судија на Уставен суд на РСМ, во состав: Данка Ристова-претседател на Комисијата, Исамедин Лимани и Сузана Јошевска Анастасова-членови на Комисијата. Појасни дека Комисијата одржала два состаноци, за кои се сочинети записници. Во меѓувреме **Советот на работен состанок донел заклучок бр.02-281/1 со  кој Комисијата била задолжена- овластена да изготви извештај само  по однос на навременоста и комплетноста на пријавите**, без да се цени критериумот-исполнетост на условите на кандидатите по објавениот оглас, по што Комисијата постапила согласно заклучокот и изготвила извештај. | Записник од 538 седница на Судскиот совет одржана на 11.03.2026 година, страна 26, достапен на:<br><br>http://sud.mk/wps/wcm/connect/ssrm/d952bbd0-cf12-4b21-bbb3-0ae5292daf34/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA+%D0%BE%D0%B4++538-%D1%82%D0%B0+%D1%81%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B0+11.03.2026.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L0B520APQFKICD0CR4-d952bbd0-cf12-4b21-bbb3-0ae5292daf34-pFP8bjx | Потврдува дека со заклучок донесен на работен состанок бил ограничен обемот на проверката што Комисијата требало да ја изврши согласно член 30 став 8 од Деловникот. |